## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот капка по капка и со полевање.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

Обезбедувањето на растенијата со потребните количества на фосфор во текот на вегетацијата, овозможува правилен раст и развиток на културата, односно стабилни и квалитетни приноси. Редовната апликација на NPK 3-40-0 ефикасно дејствува на недостатоците од фосфор кај растенијата, овозможува правилен развиток на коренот, го подобрува порастот на растенијата, односно овозможува правилно цветање.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

Преку систем капка по капка и со полевање

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и оплодување | 5 апликации на 5-6 дена | 4 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Цветање и оплодување* | 3-4 апликации на 6-7 дена | 3 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |

* Во оваа фаза фертиригација може да започне доколку дозволуваат условите на терен (сува пролет и обезбедување вода за наводнување) и културата (поклопување на фазата на цветање и на оплодување кај одредени култури со мерката наводнување).

## НАПОМЕНА

Во растворите за фертиригација не смее да се меша со ѓубрива кои содржат калциум, железо, во одредени случаи и магнезиум (особено кога во растворот има присуството на амониум нитрат), како и ѓубрива кои содржат хлор. Доколку водата е со слаб квалитет (тврда вода), се препорачува, за време на апликацијата, одржување на pH реакцијата на водата за наводнување околу 7. За претпазлива апликација, се препорачува при растворање на ѓубривото во резервоарот со основниот хранлив раствор прво да се додаде водата па дури потоа ѓубривото, а фармерот/техничарот да биде обезбеден со ракавици и заштита за очите.

## СКЛАДИРАЊЕ

На температура повисока од +10°C.

## РОК НА УПОТРЕБА

2 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Вкупен азот (N) | (3,0 ± 0,3) % |
| Фосфор ($P_2O_5$) | (40,0 ± 1,0) % |